# ИЗВЕСТУВАЊЕ
# за начинот на работа на акредитираните лаборатории на ФЗНХ
# за превенција од ширење на вирусот Covid-19
# (за период-18.03.2020-18.04.2020)

Врз основа на настанатата ситуација со вирусот Covid-19 и препораките од Владата на Република Северна Македонија и Ректоратот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Во Скопје, Раководството на акредитираните лаборатории при ФЗНХ, а со цел за превенција од ширење на вирусот Covid-19 на состанокот одржан на 16.03.2020 година ги донесе следниве мерки:

1. Поради превенција од ширењето на вирусот Covid-19 се ограничува пристапот во лабораториите на ФЗНХ за странки и коминтенти.

2. Се молат сите лица кои имаат потреба за комуникација со акредитираните лаборатории на ФЗНХ истото да го прават на електронските адреси и телефоните на Раководителите или Заменици раководители на акредитираните лаборатории објавени на веб страната на факултетот.

3. Постапка за поднесување на Барање и Мостри за анализи:

- Барањето за анализа и Мострата за анализа се доставуваат преку портирницата на ФЗНХ, по претходна телефонска или електронска најава кај соодветниот Раководител/Заменик раководител на лабораторијата.
- Коминтентот се јавува кај соодветниот Раководител/Заменик раководител дека се оставени пробите и си оди.
- Оставањето на мострите и барањето се врши од надворешната страна на портирницата со што дежурниот во портирницата нема физички контакт со коминтентот.
- Раководителот/извршителот на лабораторијата го зема Барањето за анализа и го носи за архивирање.
- Заверенoто Барање, потоа го скенира и му го праќа на клиентот по електронска пошта.

- По завршувањето на анализите и изготвувањето на Извештајот од тестирање хартиените верзии од Барањето и Извештајот се испрачуваат по пошта преку архивата на ФЗНХ или ДИПОЗ ДООЕЛ ФЗНХ.
- Извештајот во скенирана форма му се праќа на коминитентот.

4. Лицата вработени во Лабораториите во текот на работата користат заштитна маска и ракавици, притоа почитувајќи ги правилата за одржување на дезинфекција на површините и рацете со обезбедените средства за дезинфекција.
5. Не се препорачува масовно собирање во просториите и во кругот на ФЗНХ-Скопје за вработени и коминтенти. Во случај на потреба минималното растојание меѓу лицата да изнесува 2 метри.
6. Во случај да е неопходно да се земаат мостри, се задолжуваат лицата кои земаат мостри а во консултација со раководителот на лабораторијата, истото да го прават со претходен договор со коминтентите. При земањето на мостри на лице место вработениот од ФЗНХ да носи заштитна маска и ракавици. При земањето на мостри се препорачува да се користи сопствено возило.
7. Возилата по секое излегување на терен, по поминување низ кризни подрачја или секојпат кога за тоа има потреба да се дезинфицираат целосно со пумпа и дизинфициенс. Лицата кои управуваат со возилата во текот на цело време се обезбедени со маска, ракавици и работна униформа. Возилото треба да биде е обезбедено со пумпа за дезинфекција и дезинфициенс за површини и раце.

**Координатор за квалитет** | **ДЕКАН**

**Проф. д-р Златко Арсов** | **Проф. д-р Вјекослав Танасковиќ**

(Печат: Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Република Северна Македонија, Факултет за земјоделски науки и храна)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА-Скопје

| Примено: | 19. 03. 2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог | Вредност |
| 02 | -181 | /1 | |